# Месечен весник
## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## октомври, 2015




www.veles.gov.mk

ВЕЛЕС

# Месечен весник
## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## октомври, 2015

## Конференција за одржлива енергетска тематска мрежа

Во рамките на проектот „Енерџинет“ финансиран од Европската Унија во рамки на IPA-CBC програмата, во Велес се одржа конференцијата за одржлива енергетска тематска мрежа на прекуграничните власти. На конференцијата учествуваа партнерите кои го спроведуваат проектот од Република Македонија и Република Грција, Општините Велес и Прилеп од македонска и Визалтиа, Флорина и Ираклиа од грчка страна.
На самиот настан пригодно обраќање до учесниците со свои пораки за проектот упати Градоначалникот на Велес, м-р Славчо Чадиев, Градоначалниците на Општините Визалтиа и Ираклеа, како и заменикот Градоначалник на Флорина и Раководителот на одделението за ЛЕР од Општина Прилеп.
Водечките лица на Општините порачаа дека проектот „Енерџинет“ кој е прв од овој вид во прекуграничната соработка помеѓу двете земји е добра основа на која сите учесници во иднина ќе можат да се потпрат при имплементацијата на проекти од енергетската ефикасност, но и можност за соработка со која постои отворена опција во иднина да се започне со нови проекти.
На самиот настан кој траеше два дена, учество земаа бизнис секторот од Велес, претставници на советот на млади на Општина Велес, студенти и претставници од другите јавни претпријатија од Велес кои имаа можност да слушнат предавања од повеќе еминентни експерти од областа на енергетиката со цел да научат повеќе за енергетската ефикасност и во иднина при креирање на проекти истото знаење да го искористат.





## Чествување на 74 години од смртта на Димитрија Чуповски

Оваа година навршија 75 години од смртта на Димитрија Чуповски, еден од најдоследните организатори и афирматори на македонската национална мисла.
По тој повод на Градските гробишта „Бутел” во Скопје беше посетено вечното почивалиште на овој македонски великан, а свештеници од Повардарската епархија отслужија опело за покој на душата. Почиит оддадоа делегација на Општина Велес, средното стручно училиште кое го носи името на Чуповски, членови на семејството како и граѓани од Велес.
Исто така во Ликовниот салон се одржа свеченост пропратена со уметничка програма на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и историски осврт на проф. Тодорка Талевска.
Димитрија Чуповски е роден на 8 ноември 1878 година во с. Папрадиште. Животот го однел во Крушево, Софија, Белград, Новогород, Симферопол, Петроград и Санкт Петербург во Русија. Тој сфати, покажа дека не е важно каде си туку кој си, важно е и како ќе ја претставиш својата идеја и својот народ пред светот, важно е да се бориш со оружјето што највешто умееш да го употребуваш.
Најсилното оружје на Чуповски е зборот. Тој за идејата за независна држава се борел со Меморандум упатен до силите што го кроеле Балканот во 1913 година, со списанието „Македонски глас“, со пропаганда за подигање на националната свест за национално-ослободителна борба на македонскиот народ.





## Реконструирани соблекувалните во градскиот стадион

Денес, Градоначалникот Славчо Чадиев, заедно со престедателот на ОФС Велес, Лазе Ракиџиев и директорот на ЈП „Парк Спорт“ Александар Табаков извршија увид на реновираните соблекувални на градскиот стадион. Соблекувалните кои се поделени за домаќините во долниот дел и гостите во горниот дел се изработени по стандарди.Самата изработка и површина на овие соблекувални задоволуваат со стандардите за играње и на прволигашкитефудбалскинатпревари. Градскиот стадион добива нов лик, соблекувалните се изработени со сите потребни стандарди како во простор така и во материјал како што е премачкувањето на антибактериските слоеви на самите ѕидови и плочки. Веќе измонтираните нови столчиња од неодамна даваат подобра слика, истото така се вложуваат напори и за подобрување на атлетската патека и покривање на стадион како и подобрување на останатиот дел од трибините. Што се однесува на самиот терен за играње веке е еден од оние со 4 ѕвезди каде што можат да се играат и меѓународни фудбалски натпревари.





## Европски искуства за подобра администрација

Општинската администрација преку европски искуства ќе го подобрува работењето. Програмата за развој на Обединетите нации организираше обука за службениците во локалната самоуправа.
Експерти од Велика Британија одржаа предавање како да се подобрат услугите кои ги нуди општината. -„Задоволство ни е што организираме работилница со врвни акглиски експерти за јакнење на иновациите, односно обезбедување на иновации во работењето на општините. Дел од задачата на ова работилница е да им се олесни работењето на општините, ние и граѓаните да учествуваат во тоа олеснување.“ - рече Александро Фракасет,постојан претставник на УНДП во Македонија. Освен за работата на општинските административци, обуката на УНДП треба да помогне и во унапредување на работата на советот. Англиските експерти споделија искуства во подготовката на буџетот во градови од Европската унија. Според локалните власти, обуката е добра можност да се направи споредба во работењето на општините. Ќе се бара и начин како дел од европските искуства можат да се применат во Велес. -„Да видиме на кој начин можеме да го подобриме работењето на општината и секако Советот. На овој начин ќе ги зајакнеме капацитетите за во иднина.“ - рече градоначалникот на Општина Велес, Славчо Чадиев. Обуката за општинската администрација организирана од УНДП беше реализирана во соработка со Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.
Велес е прва локалната самоуправа која се запознава со искуствата од работењето на општините во Велика Британија. -„Овие странски консултанти кои се од фирма која е основата од Владата на Велика Британија имаат работено во многу општини таму и затоа нивното искуство е драгоцено и за нас.“ - рече Марко Колев, раководител на Центар за развој на ВПР. Според надлежните во Општина Велес, предавањето на англиските експерти за работата на административците во следниот период детално ќе се анализира. Тоа ќе биде презентирано во секој сектор во локалната самоуправа. Се очекува дел од искуствата ќе бидат применети во работата на општинските административци.





## Одбележан денот на македонската револуционерна борба

Општина Велес во континуитет веќе шест години на вистински начин се навраќа на големиот ден од македонската историја 23-ти Октомври 1983 година со цел да ја истакне суштината и значењето но и да ја открие историската вистина за самосвеста на македонскиот народ. Во тој правец, денес со свечена академија во салата „Бели Мугри”, беше одбележан утрешниот голем празник кога се прославува Денот на македонската револуционерна борба. Пред точно 122 години, под мотото „Смрт или слобода за Македонија“, шестмина македонски визионери со страст и решителност започнаа да ја шират идејата за создавање на сопствена, самостојна и независна држава. На нивната храброст и решителност денес се темели државноста на Македонија. На денешната свечена академија, свое обраќање имаше градоначалникот Славчо Чадиев. Свеченоста беше збогатена со настапот на фолклорното друштво Ансамбл ,, Македонија".





## 11-ти фестивал на германски филм

Изминатиов месец во салата на Народниот театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот” се реализираше ревијата на германски филм. Во рамки на единаесеттион Фестивал на новиот германски филм, што го организира Амбасадата на Германија во Македонија, а во чии рамки во десет македонски градови меѓу кои и Велес ќе се прикаже разноликоста на германската кинематографија. На програмата се филмови од најразличен жанр. Не е изоставен ниту начинот на справување со сопствената минливост. Проекцијата на првиот филм „Роден во болка“ од овој фестивал го проследија градоначалникот Славчо Чадиев, претставници на германската амбасада, генералениот менаџер на „Маркарт Македонија” Волфганг Ајхер како и бројни гости и љубители на германската филмска уметност.





## Заштита на фрескоживот во манастирот св. Димитрија

Градоначалникот м-р Славчо Чадиев заедно со директорката на Народен музеј - Велес Елица Николова извршија увид на активностите во манастриот Св. Димитрија каде што се работи на фрескоживот на овој објект. Според добиените резултати ќе се одлучи на крајот со кој метод ќе се продолжи раслојувањето на преостанатиот живопис. Овие активности се прават со цел презентација на сочуваниот оригинален живопис од времето на подигнување на црквата (13/14 век).





## Велес доби бизнис центар

Фирмите од Вардарскиот регион ќе добиваат поддршка во работењето, Центарот за развој на Варадарскиот плански регион формираше бизнис центар во кој постоечките компании но и новите инвеститори ќе добиваат информации за измени во законите и поволностите кои тие ги овозможуваат, бројот на население и нивната стручна подготовка.

Центарот се отвора во соработка со Министерството за локална самоуправа. Заменик министерот Љупчо Пренџов, смета дека на овој начин ќе се помага работат на компаниите.

-„Тоа е една голема поволност, затоа што голем дел од фирмите кои се ориентирани кон производството трошат големи капацитети на човечки ресурси, пратење на закони и така натаму и на овој начин им го олеснуваме севкупното работење на фирмите.“ - рече Љупчо Пренџов, заменик министер за локална самоуправа.

Бизнис центарот ќе работи во објектот на Вардарскиот плански регион сместен во поранешната зграда на Радио Велес. Просториите се целосно реконструирани со пари од министерството за локална самоуправа. Овде ќе работат и двете стопански комори. Објектот изминатиот месец беше предаден во употреба.

-„Прво го реконструиравме пвиот спрат и како што кажавме со пари од министерството за локална самоуправа во визина од 1,8 милиони денари. Овде како што кажавме ќе бидат сместени и сојузот на стопански комори и регионалната стопанска комора“ рече Марко Колев, Раководител на Центар за развој на ВПР.

Заедничката зграда на сите субјекти кои треба да ја подобруваат бизнис климата ќе овозможи унапредување на економијата во општините од Вардарскиот регион, смета претседателот на Советот на ВПР, Славчо Чадиев.

-„Една од основните цели ни беше зближувањето на двете комори, а тоа секако ќе значи плус за бизнис интересот на Вардарскиот регион.“ - рече Славчо Чадиев, градоначалник на Општина Велес и претседател на Советот на ВПР.

Од министерстово за локална самоуправа велат дека работата на центрите за регионален развој ќе добиваат поддршка и во иднина. Заменик министерот Пренџов, најави дека идната година, Владата планира двојно да го зголеми буџетот за проекти од регионален карактер.








## Турнир на пеливани во Бузалково

Согласно програмските активности на Општина Велес, се одржа традиционалниот турнир на пеливани во селото Бузалково. Традицијата на стариот спорт што со особено внимание се негува во ова населено место, предизвика голем интерес како од пеливанските клубови од целата држава, така и од населението од Бузалково, Велес и голем број населени места во општината. Во пеливанските борби учествуваа голем број на борачи од сите категории. Организатор на турнирот е МЗ „Бузалково” и Општина Велес. За отворен го прогласи градоначалникот Славчо Чадиев кој на натпреварувачите им посака многу успех и негување на оваа традиција. Турнирот беше збогатен со културно-уметничка програма што ја подготвија членовите на ансамблот КУД „Емин Дураку“ од Скопје и традиционалните зурли и тапани што ги придружуваат борбите на пеливаните.







## Одбележан Светскиот ден за борба против гладот






Градоначалникот м-р Славчо Чадиев заедно со претседателот на ОО на Црвениот крст од Велес Д-р. Милчо Трајковски, го одбележаа Светскиот ден за борба против гладот каде што се предаде и чекот со кои ќе им се помогне на 10 семејства. Општина Велес има постојана соработката со граѓанските организации и институциите од областа на социјалната заштита. Особено е изразена соработката со Општинската организација на Црвениот крст од Велес и Центарот за социјална работа. Токму оваа соработка придонесе помошта што Општина Велес ја дава на граѓаните кои за тоа имаат потреба да биде упатена на вистинското место.„Општина Велес им искажува благодарност на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа и Општинската организација на Црвениот крст што во континуитет, во текот на целата година водат грижа за луѓето што не се во состојба сами за себе и своето семејство да обезбедат достојни услови за живот. Помошта што ја даваме денес е поврзана со Меѓународниот ден за борба против гладот, 16 октомври (некаде се именува како ден на храната). Иако надлежностите на локалната власт во областа на социјалната заштита не се обврзувачки, сепак Општина Велес оддели 20.000 денари буџетски средства со кои ќе им се помогне на 10 семејства со по 2.000 денари“ - рече градоначалникот Чадиев. И овој пат трансферот на средства од општината го направивме со ОО на Црвениот крст со цел да ги поштедиме примателите на помош од очите на јавноста.





## Тим од Општина Велес аплицираше и е одбран за Интернационална тренинг програма “Enabling Local Democracy and Holistic Urban Planning through the SymbioCity Approach”.

Оваа програма е во организација на Шведската влада, преку Business Sweden и SKL International и се фокусира на одржлив урбан развој на локално ниво. Тренингот се базира на SymbioCity пристапот како методологија за развој и зајакнување на институционалното урбано раководење, специјално креиран за менаџери и професионалци од областа на урбанистичкото планирање во локалните и регионални органи во Македонија, Србија, Турција и Грузија. Членови на нашиот тим се: Деан Стојанов, Тања Божинова и Тијана Маневска, со проектот: Идентификација на решенија за проблемот со атмосферските води во градот Велес преку иновативен пристап (Change Project - Identification of the solutions for the rain water issue of the city of Veles trough an innovative approach).

Интернационалната тренинг програма е во почетна фаза и како дел од воведот во истата се одржа презентација за проектот, каде заедно со фасилитаторот др. Огнен Марина – професор на Архитектонскиот факултет во Скопје беа запознаени со идните активности учесниците кои ќе бидат најинволвирани во процесот.

Презентацијата се одржа на 14.10.2015год (среда) во Општина Велес.

## Според државниот просветен инспекторат ООУ „Св. Кирил и Методиј“ е едно од осумте најдобри основни училишта




ООУ „Св. Кирил и Методиј”-Велес е оценет со највисока оцена од страна на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) при Министерството за образование и наука, кој веќе седум години го оценува квалитетот на училиштата во Македонија, при што највисока оцена е „многу добар“.

Тоа се прави преку интегралната евалуација, а оценката на секое училиште се дава со темелна проверка на седум подрачја, и тоа:наставни планови и програми, постигнувањата на учениците, учење и настава, поддршка на учениците, училишна клима, ресурси и управување, како и раководењето со училиштето.

Во текот на учебната 2014/15 од страна на Државен просветен инспекторат (ДПИ) извршена е 161 интегрална евалуација, а притоа оценети со највисока оцена се училиштата: „Љубен Лапе“ во Аеродром, „Гоце Делчев“ во Прилеп, „Браќа Миладиновци“ во село Миладиновци, „Наум Охридски” во село Булачани, Гази Баба, потоа „Кирил и Методиј“ во Велес, „Методи Патче“ во Охрид, „Ристо Јурков“ во Кочани како и училиштето „Партенија Зографски” во Скопје.

Како силни страни на оценетите училишта се наведуваат: зголемена примена на ИКТ во наставата, како резултат на проектот „Компјутер за секое дете“, потоа зголемен број на ученици кои учествуваат на натпревари организирани од акредитирани здруженија, а зголемена е и реализацијата на часови по физичко воспитување, што според инспекторите, е одраз на изградбата на спортски сали и опремувањето со спортски реквизити.



## Реконструиран паркот пред СОУ Гимназија „Кочо Рацин“

Овој месец заврши реконструкцијата на зелената паркова површина пред СОУ „Гимназија Кочо Рацин”. Екипи на ЈКП „Дервен” интензивно работеа на негово уредување. Учениците како и граѓаните сега имаат уште едно ново пријатно место каде ќе можат да го поминуваат своето слободно време.

Реконструкцијата предвидува оформување на нови патеки, целосно осветлување, поставување на урбана опрема, клупи, канделабри и корпи за отпадоци. Од неодамна на целата површина е поставен и систем за наводнување.

## Поделени 1.000 канти за отпадок

1,000 канти за отпадок од страна на Општина Велес стандардизирани за комунален отпад од 120 литри од кои, 800 зелени за комунален отпад и 200 жолти за отпад од пакување, беа поделени на граѓаните од страна на Градоначалникот Чадиев и стручните служби.

За поделба на зелени канти за комунален отпад беа избрани домаќинствата на следните улици:Луј Пастер, Наце Димов, Павел Шатев, Мите Богоевски, Стефан Димитров, Камка Тоцинова, Кирил и Методиј, Архиепископ Михаил, Коле Неделковски, Мирка Гинева, Белградска. Додека, жолтите ке бидат поделени на домаќинствата од улиците кои изминатата година беа вклучени во пилот фазата за зелени канти.Доделувањето, евиденцијата и понатамошното постапување со кантите за отпад ќе го извршува ЈКП „Дервен“.





## ВЕЛЕШКА ПИТИЈАДА 2015

Општина Велес питата пастрмајлија како свој бренд ја слави како најголем гастрономски специјалитет.

Три дена угостителите неуморно работеа да ги пречекаат сите гости што ќе го посетат Велес на 9, 10 и 11-ти октомври. Покрај пита и вино гостите ќе бидат почестени и со одлична музичка програма.

По тој повод градоначалникот Славчо Чадиев на пресконфенреција ја најави претстојната манифестација на која ќе биде промовиран најпознатиот велешки гастрономски специјалитет.

Во музичкиот дел првата вечер на 9.10. (петок) од 18:00 часот настапи групата „Маестро”, велешката музичка група „Виртус”, Зуица Лазова, Благоја Грујовски, Анета и група „Молика”, Тамбураши „Равница” и Миле Кузмановски. Вечерта ќе заврши со караоке забава пред кафетериите.

На 10.11. (сабота) – во вечерните часови ќе настапија  популарниот млад изведувач Боби Мојсовски, Влатко Лозаноски, Групата „Фолтин” и „Парни Ваљак" - бендот што не се симнува од првите места на балканската естрада. Забавата ќе продолжи во Градскиот парк, каде на помошното игралиште настап ќе имаат познатите ДЏ Флуид, Г'не и Бокац.

На 11.10. (недела) од 18:00 часот на сцена настапи  Ален Хасановиќ, Филип Божиновски, Александар Тарабунов, Елена Ристеска, Калиопи и ДНК со чиј настап и официјално се  заокружи годинешната манифестација.

Велешани имаа можност и оваа година при „12-тата ВЕЛЕШКА ПИТИЈАДА“ да ја вкусат џиновската пита пастрмајлија. Градоначалникот Славчо Чадиев заедно со пратениците во Собранието на Р. Македонија Илија Димовски и Ѓорѓи Коџабашиев ги угостија посетителите со парче пита.

Оваа година е срушен ланскиот рекорд така што големината на питата изнесуваше 3.5 метри во должина и 1 метар ширина.  Првиот ден на Питијадата организаторот информираше дека  се изедоа  10 и пол илјади пити и се испиле 3,1 тони вино.

Вкупно оваа година на манифестацијата „Питијада 2015“ беа изедени 41.300 пити и испиени 9,700 литри вино.




















## Се отвори дневен центар за слепи лица

Изминатиот месец во Велес свечено се отвори Дневниот центар за лица со оштетен вид. Станува збор за партнерски проект на МТСП и Општина Велес. Овој проект е дел и од Националната стратегија на лицата со инвалидност и на Локалниот акциски план на Општина Велес за лицата со инвалидност. После набавката на Брајовиот печатар ова е втор проект за две години што Општина Велес го реализира за овие граѓани.
Објектот во употреба го предадоа министерот за труд и социјала Диме Спасов, градоначалникот Славчо Чадиев и велешките пратеници во македонското собрание Илија Димовски и Ѓорѓи Коџабашиев.
-„Ова очекуваме да прерасне во установа која ќе им даде голема помош на оние семејства и родители кои имаат слепи дечиња или пак деца со оштетен вид.” – рече министерот Диме Спасов.
Отворањето на дневниот центар ја потврдува заложбата на Локалната самоуправа за создавање услови за активен живот на сите категории граѓани.
-„Дневниот центар што се предава во употреба е во површина од 60м² од кои 35м² се занимална, останатиот дел е мини кујна каде лицата ќе бидат обучувани сами да приготвуваат храна. Во рамките на тие 60 квадрати се и купатилата за персоналот и корисниците на Центарот. За адаптација на овој простор Општина Велес издвои 800.000 денари.” – рече градоначалникот Славчо Чадиев.
Општина Велес во соработка со Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјала остануваат и понатаму да ги слушаат потребите на сите категории на граѓани, да ги поддржат во намерите и желбите да изградат поубав свет за себе и своите пријатели.
Во рамките на посетата на Министерот за труд и социјала, во медиотеката на градската библиотека беше промовирана и едицијата со аудио книги. Истата содржи 50 наслови.






## Одбележан 11-ти октомври денот на народното востание на македонскиот народ

Општина Велес и Општинската организација на Сојузот на борците од НОАВМ Велес денес свечено одбележаа 74 години од востанието на македонскиот народ. Манифестацијата се одржа на Спомен-костурницата каде што бројни делегации со едноминутно молчење и положување на свежо цвеќе им оддадоа почит на загинатите борци. Учениците од ООУ „Блаже Конески“ и СОУ„Гимназијата Кочо Рацин” ги потсетија присутните на случувањата во Втората светска војна. На Спомен Костурницата се слушна и хорско пеење под диригентската палка на Веселинка Маџарова, учениците во живо ги исполнија химните на Република Македонија и на Општина Велес.





## Светска недела на детето

Во рамките на Детската недела, во ООУ „Блаже Конески" се одржаа свечености по повод зачленувањето на првачињата во Светската детска организација. Со читање на заклетвата, им беа врачени книшки и беџови со кои и официјално станаа членови во Светската детска организација на децата. Првачиња среќно!





## Најмладите во посета на Општината

Денес ученици ООУ „Васил Главинов" имаа работна прошетка низ општинската зграда. Учениците имаа можност да го посетат Граѓанскиот сервис центар, да ги видат прес-салата и електронската сала и одблизу да се информираат за работата на општинската администрација, Советот на Општина Велес и функцијата Градоначалник.

Најголем предизвик за учениците на оваа работна обиколка беше влезот во работниот кабинет на првиот човек на градот и средбата со него. Ваквите посети ќе им овозможат на најмладите граѓани на општината подобро да го разберат општинскиот систем како и придобивките од неговото успшено функционирање.





## 60 години Ансамбл „Керамичар"

На сцената на Народниот театар „ЈХК Цинот" во Велес беше промовирано новото ДВД-издание по повод 60 години Ансамбл „Керамичар".

Во изминатите 6 децении, „Керамичар" покажа дека е вистински културен амбасадор на Велес и Македонија, кој специфичниот македонски фолклор го доближи до луѓето од сите меридијани, во над 22 земји од Европа и Светот.

Во ново промовираниот видео запис сите вљубеници во фолклорот ќе можат да уживаат во играта на фолклорните групи и во ритамот и звукот на оркестарот на Ансамбл „Керамичар". Видео материјалот нуди потсетување и за 6-те децении настапи, концерти и фолклорни фестивали на кои настапувале фолклористите на Ансамбл „Керамичар".

На свеченоста свое обраќање имаа градоначалникот Славчо Чадиев, претседателот на Ансамбл „Керамичар" Томе Јаневски и Бошко Тренески, долгогодишен директор на Ансамблот „Танец".





## Официјално отворена фабриката „Маркарт“

Во Индустриската зона „Караслари” свечено беше пуштена во употреба новата фабрика на германската компанија „Маркарт“. На настанот присуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски, вицепремиерот за економски прашања Владимир Пешевски, министерот за странски инвестиции Веле Самак, градоначалникот Славчо Чадиев, главниот извршен директор на „Маркарт групацијата” Харлд Маркарт, генералениот менаџер на Маркарт Македонија Волфганг Ајхер, како и пратениците во Македонското собрание, членови и претседателот на Советот на општината. -„Ова е првата поголема странска инвестиција во Велес и воопшто првата поголема фабрика која по 20 години се отвора во овој град.” - истакна премиерот Никола Груевски. Инвестицијата се проценува на околу 35 милиони евра, а со отворањето на фабриката се очекува да се вработат околу 600 лица. Во фабриката ќе се произведуваат автомобилски делови за врвни германски брендови како Мерцедес, Ауди, БМВ, Порше и други. На свеченото отворање свое обраќање имаше и сопственикот на групацијата „Маркарт” Харлд Маркарт и генералниот директор на „Маркарт Македонија”, Волфганг Ајхер. -„Фабриката во Македонија е нашата десетта фабрика и ќе игра значајна улога во Групацијата. Вкупната површина е 15.000 метри квадратни, а инвестицијата која ќе ја реализираме ќе биде над 35 милиони евра.” – рече главниот извршен директор Маркарт.  Одлуката за инвестирање во Македонија, како што изјавија од компанијата, ја донеле поради квалификуваната работна сила и стабилната економска политика. За овој историски успех на Велес и неговите граѓани говореше и градоначалникот Славчо Чадиев, кој изрази огромна благодарност до сите оние кои што помогнаа и беа директно и индиректно вклучени во изградбата на оваа фабрика и нејзиното отпочнување со редовно производство. -„Денес сум особено горд на успесите на Општина Велес, горд на оствареното ветување пред граѓаните, горд на сите оние кои безрезервно се вложија првата фабрика во индустриската зона „Караслари” да започне со работа. Овој долг и макотрпен процес на стекнување доверба кај нашиот странски партнер што започна пред повеќе од една година е само прв чекор во реализирање на нашата стратешка цел – Индустриската зона „Караслари” да прерасне во место каде свое вработување ќе пронајдат повеќе илјади велешани и жители од регионот.” – рече во своето обраќање градоначалникот Чадиев.
„Маркарт“ е основана 1925 година. Досега има отворено фабрики во повеќе земји низ светот, а годишниот обрт на компанијата и околу 700 милиони евра.























## Увид во градежните работи на новиот кружен тек

Градоначалникот м-р Славчо Чадиев во рамките на неговата работна агенда изврши увид на крајните градежни активности на новиот кружен тек кај местото „Авона". По завршните земјени работи и поставување на осветлувањето, се изврши и асфалтирање на кружната површина. Пуштањето во употреба на новата сообраќајница е планирано за оваа недела.
Клучката ќе биде една од најбезбедните за сите учесници во сообраќајот двосмерното одвивање на сообраќајот до „трговскиот центар" ќе го олесни движењето на возилата во овој дел на градот.
Проектот целосно се финансира од Буџетски средства, а изведувач на работите е градежната фирма Евроинженеринг од Велес.





## Средба на градоначалникот Чадиев со француската амбасадорка Оер

Во просториите на Општина Велес, Градоначалникот м-р Славчо Чадиев оствари средба со госпоѓа Лоранс Оер, Амбасадорка на Република Франција во Република Македонија.
На средбата, Градоначалникот Чадиев ја запозна г-ѓа Оер со реализираните и тековните активности во рамките на билатералната соработка со Шербур Октевиљ во размената на ученици и заштитата на културното наследство, соработката со Француската национална асоцијација на градови со историја и уметност, како и започнатата соработка помеѓу Вардарскиот плански регион и регионот Алзас на планот на винопроизводството и винскиот туризам.





## Македонија без отпад 2015

Општина Велес беше дел од националната акција „Македонија без отпад 2015", чии организатори се Министерството за животна средина и просторно планирање и асоцијацијата "Ајде Македонија". Акцијата се реализираше со цел да се исчисти отпадот кој се наоѓа на несоодветни места и да се зголеми свеста кај граѓаните за правилно управување со отпадот. Во рамките на оваа акција се реализираа бројни активности за чистење на неорганизирано зеленило и комунален отпад оставен на јавните површини кои се дел од улиците „Алексо Демниевски – Бауман" и „Васа Кошулчева". Исто така во сите општински училишта се реализираа и акции за чистење и уредување на училиштата и школските дворови.





## Средба со Директорот на агенцијата за храна и ветеринарство



Изминатиот месец во посета на Велес беше Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство Зоран Поповски. Во рамки на посетата тој најпрво оствари средба со градоначалникот Славчо Чадиев а потоа направи увид и на Градскиот пазар. Од тезга на тезга, даваше сугестии и објаснувања за безбедноста на производите, а од продавачите на пазарот доби мислења и предлози за подобрување на работењето.

-„Храната на пазарот треба да биде безбедна, затоа треба да се видат условите во кои таа се продава и нормално ние како агенција да сугерираме доколку забележиме одредени неправилности. Тоа е и целта бидејки сите знаеме дека во пазарните денови од тука најмногу се купува и најмногу се консумира храната па мораме ние како агенција да бидеме сигурни за да бидат и потрошувачите сигурни.“ - рече директорот Поповски. Посетата на Локалната самоуправа беше искористена и за дискусија со градоначалникот во поглед на плановите за изградба на нов затворен градски пазар. Од страна на директорот беше презентирана регулативата и прописите кои мора да ги исполни еден објект од таков тип. -„Ние мислиме дека во септември би почнале со реализацијата на тој крупен проект кој што би траел и повеќе од шест месеци. Затоа денес сакаме да ги искористиме сознанијата од директорот за точно да знаеме на кој начин и каде треба да се сместат одредени производи. Значи местото, локациите, потребните хигиенски услови, затоа што едно е да се има отворен, а сосема друго затворен градски пазар.” - напомена градоначалникот Чадиев.

Според статистиките на Агенцијата за храна велешкиот пазар е еден од најпосетените во земјата. Тој е регионален центар за продажба на земјоделски производи во Повардарието и пошироко.

## Потпишан е првиот ИПА проект за прекугранична соработка - ЕНЕРЏИНЕТ

Вчера во просториите на Општина Флорина се одржа првиот координативен состанок во рамките на проектот ЕНЕРЏИНЕТ финансиран од Европската Унија. На состанокот присуствуваа претставници на сите општини кои се вклучени во проектот и на истиот се потпиша договорот за партнерство со што се означи стартот на проектот. Градоначалникот Чадиев на лице место се запозна со деталите од проектот и од страна на грчките партнери кои задоволни од досегашната соработка најавуваат успешни резултати од имплементацијата. Проектот ЕНЕРЏИНЕТ чиј водечки партнер е Општина Флорина од грчка и Општина Велес од Македонска страна, предвидува енергетска реконструкција на 5 од шестте клонови на градинката Димче Мирчев во Велес, отварање на канцеларија за енергетска ефикасност во Општина Велес и изработка на стратегија за енергетска ефикасност согласно европските правила(СЕАП), прва во Република Македонија. Вкупната вредност на проектот е 799.554 евра или 49.572.348 денари. Изработка на Стратегија за енергетска ефикасност SEAF (која ќе ги опфати сите објекти во сопственост на Општина Велес и ќе понуди долгорочни решенија за енергетска ефикасност) Стратегијата е во согласност со стандардите на ЕУ за изработка на SEAF“-истакна градоначалникот м-р Славчо Чадиев.







# Месечен весник
## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## октомври, 2015

ОПШТИНА ВЕЛЕС



ВЕЛЕС